**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и 42/20) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13 и 13/14), се доставува

24.02.2020
03 832 1

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

**1. Вид надзор:** редовен

**2. Субјекти на надзорот:**

2.1. Друштво за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на „М Магазин/Авто плус“;

2.2. Друштво за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „Убавина и здравје“, „Home Style“, „Добра храна“ и „Руски доктор“;

2.3. Друштво за трговија, услуги и издавачка дејност ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на „Економија и бизнис“; и

2.4. Друштво за издавачка дејност,трговија и услуги ЗЕНИТ ПРЕС ПЛУС увоз извоз ДОО Прилеп, издавач на „Зенит“.

Со надзорот се опфатени следните печатени медиуми:

- изданијата за јануари 2020 година на „Home Style“ бр. 8 и „ Руски доктор“ бр. 45;
- изданието за јануари/февруари 2020 година на „Убавина и здравје“ бр. 137;
- изданијата за февруари 2020 година на магазините „Економија и бизнис“ бр. 258 и „М Магазин/Авто плус“ бр. 298;
- изданието за 21 февруари 2020 година на „Зенит“ бр. 586; и
- изданието за февруари/март 2020 година на „Добра храна“ бр. 8.

**3. Датум на извршување на надзорот:** 24 февруари 2020 година

**4. Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали издавачите на печатени медиуми ја исполнуваат обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„Издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци:*

- *назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум,*
- *име на одговорното лице на издавачот на медиум,*

- *име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и*
- *назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".*

**5. Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми е во целост исполнета кај сите печатени медиуми опфатени со надзорот.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***